Архивски број: 08-205/3
08-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 205/1 од 02.03.2023 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-205/1 од 02.03.2023 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност.**

### О б р а з л о ж е н и е

Лицето [redacted] со адреса на живеење [redacted] Скопје, на 02.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави претставка заведена под бр. 08-205/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 24.04.2023 година до [redacted] достави барање бр. 08-205/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, со тоа што ќе наведе целосни податоци, односно јасни факти и околности од кои недвосмислено ќе може да се увиди потенцијално сторената дискриминација.

Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk